# ПОРАКА

Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост Број 1 година XXXIX



Март 2026 г.

*СОДРЖИНА*

2 страна - **Светски ден на Даунов синдром 2026, на тема „Заедно против осаменоста“**

3 и 4 страна - **Програмски активности на РЦПЛИП – ПОРАКА во 2026 година**

5 - 9 страна - **Клучни наоди и мислења на Агенцијата за основни права (FRA) од извештајот за насилство врз лицата со попреченост во институции**

10 и 11 страна - **Нов Правилник за остварување на правото на надоместок за помош и нега од друго лице**

12 - 15 страна - **Активности на социјалните сервисни служби на РЦПЛИП - ПОРАКА**

16 страна - **Спортско рекреативни активности на корисниците на дневните центри на РЦПЛИП - ПОРАКА во Скопје**

***“ПОРАКА”***
***Гласило на Републички центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА***

**Март 2026 г. Број 1, год. XXXIX**
Гласилото излегува секои 3 месеци

***Уредувачки одбор:***
Д-р Василка Димоска Де Јонг
М-р Владо Крстовски
М-р Маја Гацоска

***Печати:***
Артифекс Креативе ДОО Скопје
Тираж 1.000 примероци

Адреса на РЦПЛИП - ПОРАКА:
“Орце Николов” бр. 122, Скопје;
тел.: 329 69 61; e-mail: poraka@t.mk
web: www.poraka.org.mk

**Дадените согледувања и употребуваната терминологија во одредени написи од одредени автори не го одразуваат официјалното мислење и ставови на РЦПЛИП - ПОРАКА.**

**Подготовката, печатењето и дистрибуцијата на гласилото „ПОРАКА“ е финансиски поддржано од Министерството за социјална политика, демографија и млади**

## Активности за одбележување на Светскиот ден на Даунов синдром

# Светски ден на Даунов синдром 2026
## Заедно против осаменоста

На 19-ти декември 2011 година, Генералното собрание на Обединетите нации го прогласи 21-ви март за Светски ден на Дауновиот синдром. Генералното собрание одлучи, со почнување од 2012 година, да се одбележува Светски ден на Дауновиот синдром на 21 март секоја година. Со цел подигнување на јавната свест во однос на Дауновиот синдром, Генералното собрание на ОН ги повикува сите држави членки, релевантни организации во системот на Обединетите нации и други меѓународни организации, како и организации од граѓанското општество, вклучително и невладини организации и приватниот сектор, да го одбележуваат Светскиот ден на Дауновиот синдром со низа различни активности.

Темата за Светскиот ден на Даунов синдром за 2026 година, „Заедно против осаменоста“, се фокусира на подигнување на свеста за тоа како осаменоста непропорционално влијае на лицата со Даунов синдром и воопшто лицата со интелектуална попреченост, како и на нивните семејства.
Се нагласува дека осаменоста не е само емоционално чувство, туку сериозен здравствен проблем што може да доведе до анксиозност, депресија и физичка штета, честопати поврзани со социјална исклученост и стигма.

Кампањата повикува на вистинска инклузија во училиштата, работните места и заедниците, нагласувајќи дека присуството не е еднакво на вклучување или вистинска поврзаност. Се нагласува дека сите - поединци, семејства, организации, училишта, работодавачи и влади - имаат улога во создавањето пријатни простори и значајни односи за да им помогнат на лицата да се чувствуваат дека припаѓаат.

Темата ја претставува осаменоста како прашање на човекови права, повикувајќи на колективна акција за претворање на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост во конкретна промена што ја става крај на изолацијата и промовира целосно учество во општеството. На 23-ти март, во седиштето на Обединетите нации во Њујорк, Меѓународната мрежа Даунов синдром (Down Syndrome International network) беше домаќин на 15-тата Конференција по повод Светскиот ден на Дауновиот синдром.

За време на конференцијата голем број самозастапници, поддржувачи, владини претставници, претставници од Обединетите нации и претставници на невладини организации ги споделија своите знаења, искуства и добри практики од земјите ширум светот. Во текот на првата сесија насловена како „Осаменоста е прашање на човекови права“ панелистите говореа за влијанието кое осаменоста го има врз животот на луѓето, како и за улогата и одговорностите на владите во однос на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост, особено член 19 – Самостојно живеење и вклученост во заедницата, член 23 – Почит за домот и семејството и член 30 – Учество во културниот живот, рекреација, слободни активности и спорт. Во втората сесија „Справување со осаменоста: искуства на семејствата и лицата со Даунов синдром“ се говореше за личните приказни на лицата со Даунов синдром, нивните семејства и организациите кои ги поддржуваат, како и за предизвиците со кои се соочуваат и што им помага за да ги надминат истите. Исто така, се говореше и за тоа што прават владите и организациите за да ги опфатат и понудат решенија за надминување на овие предизвици. Третата сесија „Глобални решенија – разбирање како да се изградат повеќе поврзани општества“ понуди примери за промена на политики кои имаат позитивно влијание врз лицата со Даунов синдром и нивните семејства, а воедно се споделуваа искуства за тоа како да се градат врски помеѓу разните чинители во општеството.

Светскиот ден на Дауновиот синдром се одбележува и во нашата држава. Локалните организации на РЦПЛИП – ПОРАКА редовно реализираат различни активности по повод овој ден, а со цел подигнување на јавната свест за инклузија и подобрување на квалитетот на живот за лицата со попреченост.

Активности на РЦПЛИП – ПОРАКА

# Програмски активности на РЦПЛИП – ПОРАКА во 2026 година

Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА во 2026 година ќе продолжи со реализација на активностите кои произлегуваат од поставените цели и принципи на делување. Програмските активности на РЦПЛИП – ПОРАКА се базираат и се во насока на процесот на имплементација на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост, како исклучително значаен документ кој има правно-обврзувачки карактер за државите кои го имаат ратификувано. Референтен документ кој РЦПЛИП – ПОРАКА ќе го користи во своето делување ќе бидат Заклучните согледувања за имплементацијата на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост, кој Комитетот на ОН за правата на лицата со попреченост го упати кон Република Северна Македонија за време на септемвриската сесија на Комитетот во 2018 година. РЦПЛИП – ПОРАКА имаше и ќе има значајна улога во сите процеси кои се однесуваат на Конвенцијата.

Во таа насока, РЦПЛИП - ПОРАКА и во 2026 година продолжува со редовните активности за застапување на правата на лицата со интелектуална попреченост и унапредување на законската рамка во областите на социјална заштита, образование, здравствена заштита и здравствено осигурување, вработување, наметнувајќи ги усвоените приоритети на своето членство како неопходни промени за унапредување на правата на лицата со интелектуална попреченост. Како основен инструмент за лобирање и застапување ќе се користи Извештајот на РЦПЛИП – ПОРАКА за напредокот во имплементација на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост во изминатата деценија од нејзината ратификација, насловен „10 години потоа“.

Една од основните активности на РЦПЛИП – ПОРАКА е одржување, развивање и унапредување на работата во социјалните сервисни служби во местото на живеење. Активностите во оваа област се насочени во два правци: кон одржување на континуитет во работата на оформените социјални сервисни служби (дневни центри и социјални клубови) за лица со интелектуална попреченост и кон создавање на услови за промовирање на други видови на сервисни служби, особено мали групни домови и служби за организирано живеење со поддршка на лица со интелектуална попреченост кои ќе ги напуштаат резиденцијалните институции како резултат на процесот на деинституционализација. Во текот на 2026 година, РЦПЛИП – ПОРАКА ќе продолжи со иницирање пред локалните самоуправи, со цел активно да учествуваат во процесот на одржливоста и отворањето на нови сервисни служби во своите општини, согласно Законот за локална самоуправа. Воедно, РЦПЛИП - ПОРАКА ќе продолжи и со иницијативата за оформување на систем од сервисни служби за интервенција во раното детство. Ставот на РЦПЛИП – ПОРАКА е дека е неопходно воспоставување на позитивен модел на поддршка на семејствата кои имаат деца со интелектуална попреченост. Постоењето на вакви сервисни служби во кои родителите и децата ќе добијат директна психо-социјална поддршка во најрана детска возраст е основа за понатамошна работа за развивање на потенцијалот на децата со интелектуална попреченост и нивна инклузија во редовниот систем од рана детска возраст.



Во текот на 2026 година, РЦПЛИП – ПОРАКА ќе продолжи со иницијативата за подобрување на условите за лиценцирање на здруженијата кои обезбедуваат дневни услуги. РЦПЛИП – ПОРАКА предлага да се спроведе ревизија на правилникот со вклучување на здруженија кои имаат искуство во давањето на дневни услуги, со цел истиот да овозможи:

- Минимум реално остварливи стандарди кои ќе бидат неопходни да се исполнат од страна на секое здружение.
- Поголема флексибилност на критериумите и можност за диференцијација според целни групи, особено кога станува збор за дневни центри за различни групи на лица со попреченост, бидејќи не е соодветно истите стандарди да важат за различни групи.
- Поголема насоченост кон квалитетот на процесот на давање на услугата, согласно современите рамки за квалитет на социјални услуги, преку воведување на одредби кои ќе го регулираат индивидуалниот пристап и личното планирање, употреба на современи методи и техники за работа, како и вклучувањето на корисниците во процесот на планирање и давање на услугата.

Унапредувањето на законските можности за остварување на човековите права на лицата со интелектуална попреченост е редовна и континуирана активност на РЦПЛИП – ПОРАКА. Во 2026 година особено внимание ќе се посвети на процесот на имплементација на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост, како исклучително значаен документ кој има правно-обврзувачки карактер за државите кои го ратификувале. Истовремено, РЦПЛИП – ПОРАКА ќе продолжи да го користи извештајот за напредокот во имплементација на Конвенцијата на ОН

## Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА

за правата на лицата со попреченост „10 години потоа“ како инструмент за лобирање пред институциите кои се одговорни за остварување и унапредување на човековите права на лицата со интелектуална попреченост. Во 2026 година, РЦПЛИП – ПОРАКА активно ќе придонесува за имплементација на новата Национална стратегија за права на лицата со попреченост 2023 – 2030. Во процесот на подготовка на стратегијата, РЦПЛИП – ПОРАКА се залагаше за сериозни решенија преку конкретни, остварливи мерки и активности, базирани на реални согледувања на потребите, кои ќе бидат дизајнирани во соработка со организациите на лицата со попреченост. РЦПЛИП – ПОРАКА како членка на ЕАСПД – Европска асоцијација на обезбедувачи на сервисни служби за лица со попреченост, е директно вклучена во донесувањето и спроведувањето на низа важни акти на ниво на Европа, како што е Европската стратегија за лица со попреченост 2021 – 2030, која води кон целосно учество на лицата со попреченост во општеството. РЦПЛИП – ПОРАКА ќе продолжи да ги пренесува европските трендови и иницијативи во нашата држава и ќе придонесува за актуелизирање на потребата од ефективно прифаќање и имплементација на европски документи и развојни програми.

Во текот на 2026 година, РЦПЛИП – ПОРАКА ќе продолжи да имплементира активности поврзани со подигнување на јавната свест во однос на потребите и правата на лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства. Овие активности претставуваат програмско продолжение на досегашните кампањи на РЦПЛИП – ПОРАКА, а ќе бидат насочени кон истакнување на потребата од ефективно имплементирање на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост, и промовирање на правото на достоинствен живот во заедницата за лицата со интелектуална попреченост преку соодветни сервисни служби. Заштитата од дискриминација на лицата со интелектуална попреченост е редовна програмска активност на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА. Низ годините наназад реализирани се голем број на кампањи и иницијативи во кои РЦПЛИП – ПОРАКА преземаше активности за борба против дискриминацијата, стереотипите и предрасудите за лицата со интелектуална попреченост. Исто така, постојано се спроведуваат активности и со други институции и организации кои се активни на полето на спречувањето и заштитата од дискриминација.



Кон крајот на минатата година, поточно на 2.12.2025 година, претседателот на РЦПЛИП – ПОРАКА, г-н Чедомир Трајковски и претседателот на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, г-н Душан Томшиќ, потпишаа меморандум за соработка. Со овој меморандум подетално се уредува начинот на соработката помеѓу Комисијата и РЦПЛИП – ПОРАКА, односно начините на координација и имплементација на заеднички договорени активности во обезбедувањето и промовирањето на правата на лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства, промоција, заштита и превенција на еднаквоста, овозможувањето системски промени и вклучување на лицата со интелектуална попреченост во сите процеси од општественото живеење.

Заради поефективно остварување на програмските задачи на локалните организации, дел од редовните активности на РЦПЛИП – ПОРАКА се и координација и стручно-методолошка поддршка на локалните организации за реализација на значајни активности на локално ниво. РЦПЛИП – ПОРАКА, во договор со локалните организации, ќе пружи директна поддршка во реализацијата на јавни настани на локално ниво и состаноци со локални и власти и институции. Зајакнувањето на капацитетот ќе се изведува и преку организирање на работилници за SWOT анализа и стратешко планирање за унапредување на работењето на локалните организации и на сервисните служби. Исто така, РЦПЛИП – ПОРАКА ќе организира и ќе овозможи таргетирано учество на обуки за претставници на локалните организации, во зависност од потребите на локално ниво.

Препознатливоста на РЦПЛИП – ПОРАКА како лидер во областа на права за лица со интелектуална попреченост континуирано резултира со нови партнерства и заеднички активности со организации и институции чии програмски активности имаат допирни точки со оние на РЦПЛИП – ПОРАКА. Во текот на 2026 година ќе се истражуваат можности за соработка со партнер организации на национално и меѓународно ниво со цел креирање на иновативни развојни програми за модернизација на пристапот на работа и воведување на нови програмски активности користејќи дигитални иновативни проекти. Овој нов модерен пристап ќе овозможи подобрување на квалитетот на живот на лица со интелектуална попреченост во нашата држава.

Во 2026 година, РЦПЛИП – ПОРАКА ќе продолжи со соработката воспоставена на меѓународно ниво со ЕАСПД и други асоцијации и ќе учествува во заеднички иницијативи, активности и проекти кои произлегуваат од членството во овие организации. РЦПЛИП – ПОРАКА, исто така, ќе продолжи со спроведувањето на активностите во рамките на партнерските проекти кои се реализираат на европско ниво.

Исто така, издавачката и информативната дејност, која е редовна активност на РЦПЛИП – ПОРАКА ќе продолжи да се спроведува во 2026 година.

**Програмата за работа на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА за 2026 година е отворена и може да се надополнува во текот на нејзината имплементација.**

Преземен дел од извештајот на Агенцијата за основни права на Европска унија

# Места за грижа = Безбедни места?
# Насилство врз лицата со попреченост во институции

## Клучни наоди и мислења на Агенцијата за основни права (FRA)

Насилството врз лица со попреченост во институциите останува широко распространето, а сепак недоволно пријавувано низ цела Европа. Делата на насилство вклучуваат широк спектар на експлоататорски, злоупотребувачки и понижувачки дејствија што се спротивни на обврските на ЕУ и земјите членки на ЕУ согласно меѓународните и европските закони за човекови права. Заштитата од насилство е втемелена во Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост (КПЛП), примарниот договор за човекови права за еднакво уживање на сите човекови права и основни слободи од страна на лицата со попреченост. КПЛП ги обврзува државите потписнички да обезбедат почитување на правата на живот, слобода од насилство, автономија, слобода и безбедност во рамките на институциите. Апсолутната забрана за тортура и обврските за спречување на тортура и истражување на наводите за тортура се вградени во Конвенцијата на ОН против тортура и друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување, Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, Европската конвенција за човекови права и Европската конвенција за спречување тортура и нечовечки или понижувачки третман или казна. Од државите се бара да заштитуваат од тортура или лош третман во сите контексти, вклучително и во институциите – сфатени како сегрегирачки средини каде што лицата живеат заедно без избор и немаат контрола врз своите животи.

Овој извештај на Агенцијата за основни права на Европската унија (FRA) има за цел да ги поддржи националните власти во нивните напори да ги почитуваат законските обврски за заштита, спречување и реагирање на насилството врз лицата со попреченост во институциите. Доказите и препораките во извештајот се засноваат на социо-правна анализа што се базира на податоци од канцелариско истражување во 27-те земји членки и во Албанија, Северна Македонија, и Србија, и на квалитативно истражување од 10 земји членки (Хрватска, Германија, Ирска, Италија, Латвија, Малта, Полска, Португалија, Словачка и Словенија).

Извештајот, прво, ги испитува специфичните законски стандарди и заштитни мерки што ги штитат лицата со различни облици на насилство. Второ, ги разгледува структурните заштитни мерки и мерките за ублажување што го спречуваат насилството. И трето, ги анализира процесите што се користат за реагирање при инциденти на насилство, откако ќе се случат, за да се осигури одговорност.

Иако применетото право за човекови права ни дава образложение за дејствување (т.е. **зошто е потребна акција**), оваа рамка помага да се елаборираат операционалните чекори што се потребни (т.е. **што треба да се стори**). Понатаму тврди дека преземените дејствија треба да користат пристап заснован на човекови права (т.е. **како треба да се преземаат или обликуваат овие акции**).

FRA ги нуди следните мислења за да ги поддржи националните власти во исполнувањето на нивните законски обврски и да обезбеди отчетност во рамки на институциите. Овие мислења ги надополнуваат, зајакнуваат, а понекогаш и ги повторуваат претходните мислења на FRA во однос на правата на лицата со попреченост и правата на жртвите.

Како одговор на овие мислења, институциите на ЕУ и земјите членки треба да обезбедат активно вклучување на лицата со попреченост и нивните организации, како што е пропишано во член 4(3) од КПЛП и во согласност со принципите на пристапот заснован на човекови права за учество и зајакнување.

### ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЗАШТИТАТА ОД НАСИЛСТВО

#### Вградување на пристап заснован на човекови права во националното законодавство и политиките

Вградувањето на пристапот заснован на човекови права во законодавството и политиките што ги регулираат грижата и поддршката за лицата со попреченост кои се сместени во институции би помогнало во усогласување на националните рамки со општите принципи од членот 3 и обврските од членот 4 на КПЛП. Покрај тоа, членовите 10, 12, 14, 15, 16 и 19 од КПЛП бараат од државите да обезбедат законите и системите што ја регулираат грижата да ги почитуваат правата на живот, деловна способност, слобода и заштита од насилство и правото да се живее во заедницата. Ова ќе го префрли фокусот на сите аспекти на правната заштита и обезбедувањето поддршка од институционална контрола кон автономија, достоинство и инклузија. Според поширокото меѓународно и европско законодавство за човекови права, лицата со попреченост се заштитени и од тортура и малтретирање согласно Конвенцијата против тортура и друг вид на сурови, нечовечни или понижувачки постапување или казнување (членови 1, 2 и 16), Меѓународниот пакт за граѓански и политички права (член 7) и Европската конвенција за човекови права (член 3). Европската конвенција за човекови права има суштинска улога во заштитата на правата на лицата со попреченост во институции преку гарантирање на правото на живот (член 2), правото на слобода и безбедност (член 5) и правото на почит на приватниот и семејниот живот (член 8). Европскиот суд за човекови права потврди дека државите имаат позитивна обврска да ги заштитат лицата во институциите од наштетување.

Примарното право на ЕУ, особено Повелбата и член 6 од Договорот за ЕУ, обезбедуваат основа за развој на сеопфатни одговори засновани на човековите права на ниво на ЕУ. Основните права на сите лица со попреченост се одразуваат во инструментите на политиката на ЕУ, вклучувајќи ја стратегијата на ЕУ за правата на лицата со попреченост 2021-2030, Европскиот столб на социјални права и Европската стратегија за грижа. Во согласност

## Активности на Агенцијата за основни права на Европска унија

со членот 153(1)(j) од Договорот за функционирање на Европската унија, иницијативите на ниво на ЕУ во врска со модернизацијата на системите за социјална заштита ги надополнуваат обврските на земјите членки и се насочени кон поттикнување соработка помеѓу земјите членки.

Сепак, наодите на FRA покажуваат дека многу национални законски одредби сè уште не ги штитат правата и достоинството на лицата со попреченост, особено во контекст на заштита од насилство во институциите. Сите земји членки имаат развиено национални рамки за политика за попреченост, но многу малку конкретно ги штитат лицата со попреченост од насилство.

Постои ограничено знаење за природата и обемот на насилството врз лицата со попреченост во институциите низ земјите членки, што ја нагласува потребата од систематско собирање на веродостојни податоци. Законодавството поврзано со здравството има тенденција да регулира, наместо да забранува, одредени облици на насилство, како што се принудно или недоброволно лекување, зајакнувајќи ги медицинските и добротворните модели на попреченост. Постојат значителни празнини во обезбедувањето ефективно следење на институциите за спречување на насилство и обезбедување одговорност. Исто така, постојат значителни празнини во пристапот до информации и пристапни механизми за жалби, што го попречува пристапот на жртвите до надомест на штета. Во своите заклучни забелешки од 2025 година за вториот и третиот периодичен извештај на ЕУ, Комитетот за правата на лицата со попреченост препорачува ЕУ „(да) ја подобри имплементацијата на Конвенцијата“ и да усвои, во рамките на своите надлежности, иницијативи за поддршка на земјите членки во исполнувањето на нивните законски обврски преку „развивање стандарди ... за спречување и истрага на смртни случаи во институциите што добиваат финансирање од Европската Унија“.

**МИСЛЕЊЕ 1**

Земјите членки се охрабруваат да преземат темелна проценка на усогласеноста на нивните национални законски и регулаторни рамки што ја регулираат институционалната грижа со нивните законски обврски согласно меѓународното и европското право.

За да се обезбеди дека одговорите се засновани на докази и да се следи напредокот, земјите членки треба да собираат и да средуваат веродостојни, споредливи и навремени информации и податоци за правните и политичките напори и нивните исходи во однос на заштитата, спречувањето и реагирањето на насилството врз лицата со попреченост во институциите.

**Крај на институционализацијата**

Државите потписнички на КПЛП, што ги вклучува 27-те земји членки и самата ЕУ, го признаваат еднаквото право на сите лица со попреченост да живеат самостојно и да бидат вклучени во заедницата, како што е прифатено во член 19. Укинувањето на институционализацијата е неопходно за реализација на сите права на лицата со попреченост, вклучително и правото на автономија и достоинство (член 3), слобода и безбедност (член 14) и заштита од сите облици на експлоатација, насилство и злоупотреба (член 16).

ЕУ и нејзините земји членки развија политики за поддршка на правото на самостојно живеење. Земјите членки ги користат инструментите за финансирање на ЕУ во рамките на повеќегодишна финансиска рамка – вклучувајќи го Европскиот социјален фонд и Европскиот фонд за регионален развој – за да ги поддржат националните напори кон транзиција од институционални во сервиси во местото на живеење. Финансирањето од ЕУ е достапно во зависност од усогласеноста со КПЛП, а постојат механизми на ЕУ за суспендирање или враќање на средства во случаи на злоупотреба. Во своите заклучни забелешки за 2025 година за вториот и третиот периодичен извештај на ЕУ, Комитетот на КПЛП ја повика ЕУ да ја користи својата рамка за одговорност за суспендирање или враќање на средства од ЕУ кога ќе се утврди дека се случиле случаи на насилство во средини и услови финансирани од ЕУ, а особено во случаи каде што се случиле смртни случаи што можеле да се спречат во институциите.

Покрај тоа, неодамнешните податоци покажуваат дека напорите за ставање крај на институционализацијата сè уште не донеле значајни промени за лицата кои се директно засегнати од неа, што беше и истакнато во претходното истражување на FRA: Во 2024 година, Европската комисија издаде специфични насоки за земјите членки за користење на средствата од ЕУ за забрзување на транзицијата од институционална грижа во сервиси во местото на живеење. Учесниците од различни земји и групи на чинители ја истакнаа важноста од дејствување според националните обврски за деинституционализација, вклучително и преку проценка, преглед и имплементирање на стратегии што веќе се воспоставени. Покрај тоа, многумина нагласија дека иницијативите за деинституционализација треба да се засновани на човекови права и да се ориентирани кон лицето, и дека не треба едноставно да вклучуваат креирање на помали установи што ги задржуваат карактеристиките на институционалните и деперсонализираните облици на грижа.

**МИСЛЕЊЕ 2**

Согласно нивните обврски кон КПЛП и да се спротивстават на вродените ризици од насилство во институциите кои се вкоренети во ограничувањето на автономијата и на кои им недостасуваат заштитни мерки, земјите членки треба да ги обноват и интензивираат своите напори за затворање на институциите. Стратегиите за деинституционализација треба да вклучуваат специфични цели и крајни рокови, да бидат соодветно финансирани и да вклучуваат патишта ориентирани кон лицето за инклузија на лицата со попреченост во заедницата.

ЕУ законодавецот треба да обезбеди дека ЕУ во целост ги почитува своите обврски за човекови и основни права согласно КПЛП и Повелбата во рамки на прописите на повеќегодишната финансиска рамка по 2027 година. Кога ќе се утврди дека имало случаи на насилство во институции финансирани од ЕУ, Европската комисија треба да ја користи својата рамка за одговорност за суспендирање или враќање на средствата од ЕУ.

**Промовирање на кохезивни и ефективни рамки**

Регулаторниот пејзаж во 30-те опфатени земји открива значителни разлики во начинот на кој тие ги дизајнираат законските и политичките заштитни мерки и како институциите ги следат тие мерки.

Лицата со попреченост кои живеат во институции честопати се соочуваат со празнините на постојните рамки за заштита. Механизмите за надзор и заштитните мерки се разликуваат помеѓу различните видови институции - особено помеѓу сервисите за ментално здравје и социјална грижа – но, исто така, и низ јурисдикциите на локално ниво. Ова резултира со нееднакви нивоа на заштита за лицата со попреченост кои зависат од видот или локацијата на институцијата во која се наоѓаат и природата на воспоставените механизми за надзор. Покрај тоа, одредбите за заштита се разликуваат и по групи - групи како што се жени, деца, постари лица или лица со психосоцијални попречености или интелектуална попреченост - што резултира со неконзистентни нивоа на заштита и разредена одговорност. Наодите на FRA покажуваат дека стандардите или правилата за работењето на институциите експлицитно се однесуваат на заштитата од насилство и спречувањето на насилство во помалку од половина од 30-те опфатени земји.

Друга тема што се повторуваше беше недостатокот на практични упатства и алатки за поддршка на ефикасната имплементација на постојното законодавство и политики и на напори за заштита во превенција, а не во одговор. Недостигот на национални минимални стандарди и потпирањето на внатрешни институционални механизми за пријавување на прекршувања дополнително ги влошуваат празнините во заштитата.

**МИСЛЕЊЕ 3**

Се повикуваат земјите членки да ги разгледаат, да развијат и да имплементираат национални рамки за заштита што се во согласност со КПЛП, а кои се чувствителни на полот, возраста и потребите за индивидуална поддршка. Ваквите рамки треба да бидат кохерентни и соодветно финансирани и да вклучуваат практични упатства, протоколи и алатки засновани на права за тоа како да се спречува и како да се реагира на случаи на насилство за сите видови на средини што обезбедуваат грижа за лицата со попреченост.

**ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ПРЕВЕНЦИЈАТА ПРЕКУ МОНИТОРИНГ**

**Хармонизирање и зајакнување на мониторингот**

Ефективниот мониторинг е централен за спречување на прекршувања. Членот 16(3) од КПЛП бара државите потписнички да обезбедат дека сите објекти наменети за лица со попреченост се мониторирани од независни тела за да се спречат сите облици на експлоатација, насилство и злоупотреба, додека член 33(2) предвидува независна рамка што ја следи имплементацијата на Конвенцијата како целина.

Независните национални механизми за мониторинг не само што го спречуваат насилството, туку се и неопходни за исполнување на обврските поставени во Конвенцијата на ОН против тортура и друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување и за обезбедување одговорност. Факултативниот протокол кон Конвенцијата на ОН против тортура и друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување бара од земјите да воспостават национални тела - национални превентивни механизми (НПМ) - кои се целосно независни од владите, се соодветно финансирани и имаат мандат да посетуваат кое било место под јурисдикција или контрола на државата потписничка каде што лицата се или можат да бидат лишени од слобода. Поткомитетот на ОН за спречување на тортура и друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување појасни дека терминот „места на лишување од слобода“ (член 4 од Факултативниот протокол кон Конвенцијата на ОН против тортура и друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување) треба да се разбере како да ги опфаќа јавните и приватните установи за социјална грижа каде што лицата можат да бидат лишени од слобода, de jure или de facto, вклучувајќи ги и институциите за лицата со попреченост.

Истражувањето на FRA открива различен опсег на јавни тела одговорни за овој мониторинг. Во речиси сите опфатени земји, мониторингот е распределен меѓу многу актери како што се владини тела, регулатори на здравствени и социјални сервиси за грижа и регионални администрации. Понатаму, поради недостиг на стандардизирани насоки, телата за мониторинг користат различни стандарди и методологии. Опсегот и фреквенцијата на мониторингот, исто така, варираат. Многу јавни и независни тела за мониторинг немаат доволно финансиски или човечки ресурси за спроведување редовни посети, што води до прилично реактивни одговори базирани на случаи откако инцидентите ќе станат јавни.

На земјите членки сè уште им недостасуваат вистински независни тела за мониторинг. Телата на договорите продолжуваат да нагласуваат дека телата за мониторинг треба да имаат законски овластувања да истражуваат и да наметнуваат санкции за злоупотреби и да обезбедат транспарентно известување за наодите до парламентите и до јавноста со цел да се обезбеди одговорност. Во теренското истражување на FRA, независните тела за мониторинг се сметаат за поефикасни отколку јавните или внатрешни тела за мониторинг, но на повеќето од нив им недостасуваат ресурси и/или овластувања за да спроведуваат инспекции, соодветно да опфаќаат бројни институции или да спроведуваат промени поради необврзувачката природа на нивните препораки.

Учесниците во истражувањето забележаа дека ефективниот и кон превенција ориентиран мониторинг се потпира на соработка помеѓу различни актери кои извршуваат слични функции за мониторинг, но исто така, и на инволвирање на клучни чинители и експерти, вклучувајќи ги и организациите на лицата со попреченост.

**МИСЛЕЊЕ 4**

Во согласност со Факултативниот протокол кон Конвенцијата на ОН против тортура и друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување и членовите 16 и 33 од КПЛП, земјите членки треба да обезбедат дека телата за мониторинг се независни и доволно опремени и дека имаат мандат да имплементираат редовни, транспарентни и ненајавени посети на сите објекти за институционална грижа за лица со попреченост, вклучувајќи јавни и приватни сервиси и оние раководени од невладини организации и добротворни организации.

## Активности на Агенцијата за основни права на Европска унија

Земјите членки треба да ги хармонизираат практиките за мониторинг и да поттикнуваат на соработка помеѓу различни тела за мониторинг преку развивање на национални минимални стандарди за мониторинг кои се вградени во човековите права и експлицитно се однесуваат на насилството. Земјите членки, исто така, се повикуваат да ги направат мерките за превенција од насилство предуслов во постапките аз лиценцирање и акредитација за сите облици на установи и сервиси за лицата со попреченост.

Минималните стандарди треба да бидат надополнети со специјализирани протоколи за мониторинг кои се сензитивни на возраст и пол и прилагодени на уникатните потреби и ранливост на лицата со попреченост со различни карактеристики.

### Градење на институционални капацитети

Ефективната имплементација на постојните национални законски рамки и рамки за политики за спречување насилство се потпира на распределба на соодветни ресурси, развој на таргетирани алатки и зајакнување на капацитетите на човечките ресурси на обезбедувачите на грижа и властите одговорни за мониторинг и реагирање на насилство во институциите.

Тема што се повторуваше во земјите членки разгледани за време на теренската работа беше отсуството на ефективни мерки за превенција и структурни заштитни мерки за спречување на насилството. Ова укажува на тоа дека државите не ја исполнуваат во целост својата должност според меѓународните закони за човекови права да донесуваат закони и да имплементираат политики и мерки што спречуваат кршење на човековите права. Ефективните системи за превенција би вклучувале одржливи иницијативи за зајакнување капацитети насочени кон сите професионални групи задолжени за дејствување според меѓународните, европските и националните обврски за заштита, спречување и реагирање на насилството во институциите, со цел да ги опремат со потребните знаења, вештини и алатки за извршување на оваа улога.

Учесниците потенцираат дека постојната обука не е соодветна, е спорадична и честопати не е задолжителна. Тие велат дека корисниците на обуката треба да се прошират и надвор од персоналот во институциите, за да вклучат членови на тимовите за мониторинг (и од јавни и од независни тела) и персонал од судските власти и властите за кривична правда. Обуката треба да ги опфати клучните принципи на КПЛП, но исто така, треба да изгради капацитети за препознавање и адресирање на насилството против лицата со попреченост во институциите.

**МИСЛЕЊЕ 5**

Земјите членки треба да воспостават задолжителна обука на експерти за да им овозможат на професионалците кои работат со лица со попреченост да препознаваат, спречуваат и реагираат на насилство. Курсевите за обука треба да ги здружат професионалците кои работат во различни области за да се промовира соработката и координацијата меѓу различните власти.

Земјите членки се повикуваат да ги дополнат извештаите за резултатите од мониторинг посетите со конзистентна практична и методолошка поддршка за тоа како препораките од инспекциите и мониторинг посетите треба да се имплементираат во практика.

### Обезбедување учество и свесност за права

Во согласност со член 4(3) од КПЛП, и последователните насоки овозможени во Општиот коментар бр.7, секој субјект задолжен за мониторинг на установи за лица со попреченост – без разлика дали станува збор за национално тело од член 33(2), национален превентивен механизам или друг посебен „независен орган“ во согласност со член 16(3) – треба активно да го вклучи граѓанското општество и организациите на лицата со попреченост, по потреба, во активностите за мониторинг. Истражувањето на FRA не наоѓа докази за структурирано ангажирање на организациите на лицата со попреченост во јавниот мониторинг на институциите, туку само изолирани примери за ангажирање на такви организации во мониторингот спроведен од независни тела за следење. Во согласност со принципите на пристапот заснован на човекови права, испитаниците ја нагласуваат важноста на воспоставување внатрешен мониторинг предводен од корисниците, како и вклучување на лицата со попреченост и лицата кои живееле во институциите, како експерти, во активностите за мониторинг.

Покрај тоа, испитаниците исто така истакнаа дека мултидисциплинарниот мониторинг е од суштинско значење за зголемување на ефективноста на активностите за мониторинг, бидејќи ги комбинира ресурсите и капацитетите и ги здружува разновидните експертизи, перспективи и методологии. Примената на мултидисциплинарни и партиципативни методи ги зајакнува иницијативите за одговорност и превенција преку градење доверба, што овозможува рано откривање на скриени ризици, системски празнини и суптилни облици на насилство што надворешните монитори може да ги превидат, поттикнувајќи координирани одговори и промовирајќи го развојот на таргетирани заштитни мерки засновани на права за спречување на насилство во институциите.

Спречувањето на насилството, исто така, бара демонтирање на обесхрабрувачките институционализирани форми на грижа, кои остануваат распространети во многу земји. Сеопфатниот недостиг на разбирање за тоа што претставува злоупотреба е клучен предизвик. Поради отсуство на подигање на свеста за нивните права, лицата со попреченост, во многу случаи, не се свесни дека некои од практиките на кои се подложени се всушност забранети и несоодветни, што доведува до „нормализација“ на различни облици на насилство, честопати од многу рана возраст.

**МИСЛЕЊЕ 6**

Земјите членки обезбедуваат целосно и ефективно учество на лицата со попреченост, вклучително и преку нивните организации, во дизајнот, имплементацијата и евалуацијата на политиките и програмите – вклучувајќи ги и оние за превенција и адресирање на насилството

во институциите – во согласност со член 4(3) од КПЛП и Општиот коментар бр.7 на Комитетот за КПЛП.

Во однос на мониторингот на институциите, треба да се прават напори за да се обезбеди дека тимовите за мониторинг се мултидисциплинарни преку ангажирање на социјални работници и надворешни актери, како на пример, непристрасни медицински професионалци, експерти за човекови права, лица со попреченост и лица кои живееле во институции.

Земјите членки треба да воспостават соодветни програми за подигнување на свеста и зајакнување на лицата со попреченост кои живеат во институции. Ваквите програми треба да се фокусираат на тоа како да се идентификува ризик, потенцијални прекршувања и несоодветно однесување и како и каде да се побара совет и надомест на штета. Програмите треба да бидат целосно пристапни за сите лица со попреченост и сензитивни на возраст, пол и други карактеристики.

## СПРОВЕДУВАЊЕ НА РЕАКЦИИ НА НАСИЛСТВО

### Зајакнување на механизмите за известување и поддршка

Одговорноста е основен принцип на пристапот заснован на човекови права: меѓународните човекови права бараат од државите ефективно да реагираат на насилството врз лицата со попреченост. Одговорноста во рамки на КПЛП и другите меѓународни договори налага мерки за одговор – вклучително и обезбедување информации и обезбедување пристапност на механизмите за жалби – како неопходни за почитување на правата и достоинството на лицата со попреченост и справување со неуспесите во заштитата во институциите.

Земјите членки имаат обврска да обезбедат ефективен правен лек за жртвите на сите кривични дела , согласно член 47 од Повелбата, член 13 од Европската конвенција за човекови права, член 13 од КПЛП и член 2 од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права. Според членовите 9(2)(ф) и 21 од КПЛП и рецитал 15 од Директивата за правата на жртвите, неограничениот пристап до правда и поддршка бара свест за постоењето и пристапот до информации за функционирањето на расположливите механизми за жалби и пријавување.

Одговорноста на носителите на должности за почитување на човековите права и обезбедување пристап до правда за лицата со попреченост зависи од жртвите и сведоците кои ќе истапат да пријават инциденти. Сепак, лицата со попреченост во институциите често се соочуваат со правни, комуникациски, физички бариери и бариери во ставовите за да пријават инцидент. Стравот од одмазда или секундарна виктимизација и недостатокот на одржливи алтернативи за грижа претставуваат уште една бариера што ги обесхрабрува лицата да пријавуваат инциденти на насилство, особено оние кои се многу зависни од персоналот во институцијата.

Резултатите од истражувањето, исто така, укажуваат на потребата од воспоставување или проширување на проактивен мониторинг, кој може да послужи и како механизам за одговор, давајќи им на жртвите практичен начин за пријавување на кривични дела.

Во рамките на институциите, обезбедувањето информации за жалби и пријавувањето насилство се речиси исклучиво одговорност на обезбедувачите на сервиси. Внатрешните механизми за жалби се разликуваат низ земјите, регионите, целните групи, видовите институции и индивидуалните установи. Нивното воспоставување, функционирање и надзор во голема мера се оставени на индивидуалните институции.

Членовите 8 и 9 од Директивата за правата на жртвите утврдуваат дека жртвите имаат право на бесплатни и соодветни сервиси за поддршка на жртвите. Опсегот на сегашното истражување на FRA не се протега на анализа на достапните сервиси за поддршка на жртвите; сепак, податоците потврдуваат дека сервисите за поддршка на жртвите во многу земји не се соодветно прилагодени на потребите на лицата со попреченост. На сервисите честопати им недостасуваат карактеристики за пристапност и не успеваат да обезбедат индивидуализирана поддршка, како што се помош при пополнување и следење на жалбата, правен совет или застапување или психолошко советување. Член 25 од Директивата за правата на жртвите ги обврзува земјите членки да им обезбедат на службените лица кои веројатно ќе комуницираат со жртвите, општа и специјализирана обука соодветна на нивното ниво на контакт со жртвите. Оваа обука има за цел, меѓу другото, да ја зголеми нивната свесност за правата и потребите на жртвите. Лицата со попреченост се соочуваат со структурни бариери за пристап до правна поддршка, вклучувајќи процедурална сложеност и недостаток на прилагодена помош - проблеми кои се опишани како постојани и длабоко обесхрабрувачки.

Иако некои земји имаат сеопфатни пристапи за пријавување насилство, а постојат и неколку преносливи практики - особено од областа на поддршка на деца жртви - овие примери остануваат ограничени, нагласувајќи ја потребата од посистематски и темелни напори за да се обезбеди пристапен, доверлив и ефективен пристап до информации и поддршка.

**МИСЛЕЊЕ 7**

Со цел да се обезбедат ефективни одговори на насилство врз лицата со попреченост во институции, земјите членки треба да усвојат мерки што осигуруваат пристапни и охрабрувачки структури кои го олеснуваат пријавувањето во рамки на институциите.

Од земјите членки се бара да обезбедат дека сите жртви и лица кои пријавуваат прекршувања можат сигурно и ефективно да имаат корист од мерките што штитат од секундарна и повторна виктимизација во согласност со член 47(1) од Повелбата и член 23 од Директивата за правата на жртвите.

Земјите членки треба да гарантираат заштита на дојавувачите и да создадат заштитни мерки против одмазда за трети странки кои пријавуваат злоупотреба. Минималните стандарди за одговор на пријавено насилство во установите за грижа треба да вклучуваат привремено отстранување или суспендирање на осомничените сторители и итно преместување на жртвите во алтернативни установи за грижа, со што ќе се обезбеди континуитет на грижата.

***Целосниот текст на извештајот за насилство врз лица со попреченост во институции, на Агенцијата за основни права е достапен на нивната веб-страна www. fra.europa.eu.***

**Новини во законската рамка**

# Нов Правилник за остварување на правото на надоместок за помош и нега од друго лице

Министерот за социјална политика, демографија и млади, Фатмир Лимани, донесе нов Правилник за остварување на правото на надоместок за помош и нега од друго лице, со кој се прави значаен чекор кон поедноставување и забрзување на постапките за граѓаните.

Со правилникот подетално се уредуваат постапката за поднесување на барање, потребната документација начинот на работа на стручните комисии и второстепената комисија, како и издавањето и евиденцијата на наодите, оцените и мислењата.

**Клучната новина е што кон барањето ќе се доставува наод, оцена и мислење за потребата од помош и нега од друго лице од стручна комисија. Оваа промена носи двојна придобивка:**

- **за стручните служби – појасна и поефикасна процедура;**
- **за корисниците – поедноставена постапка и побрз процес за стекнување на правото на надоместок.**

Во продолжение го пренесуваме Правилникот, објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 50 од 09.03.2026 година.

Република Северна Македонија

Министерство за социјална политика, демографија и млади

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА НАЧИНОТ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА НАДОМЕСТОК ЗА ПОМОШ И НЕГА ОД ДРУГО ЛИЦЕ, ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА, ОБРАЗЕЦОТ ЗА ДАДЕНО МИСЛЕЊЕ ОД СТРАНА НА МАТИЧНИОТ ЛЕКАР ЗА ПОТРЕБАТА ОД ПОМОШ И НЕГА ОД ДРУГО ЛИЦЕ, НАЧИНОТ НА РАБОТАТА НА СТРУЧНАТА КОМИСИЈА, СОСТАВОТ И НАЧИНОТ НА РАБОТАТА НА ВТОРОСТЕПЕНАТА КОМИСИЈА, НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ИЗДАДЕНИТЕ НАОДИ И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ ЗА ДАВАЊЕ НА НАОД, ОЦЕНА И МИСЛЕЊЕ ЗА ПОТРЕБАТА ОД ПОМОШ И НЕГА ОД ДРУГО ЛИЦЕ

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува начинот за остварување на правото на надоместок за помош и нега од друго лице, образецот на барањето и потребната документација, образецот за дадено мислење од страна на матичниот лекар за потребата од помош и нега од друго лице, начинот на работата на стручната комисија, составот и начинот на работата на второстепената комисија, начинот на водење евиденција за издадените наоди и формата и содржината на образецот за давање на наод, оцена и мислење за потребата од помош и нега од друго лице.

**Член 2**

(1) Барањето за остварување на право на надоместок за помош и нега од друго лице се доставува до месно надлежниот центар за социјална работа (во натамошниот текст: Центарот).

(2) Барањето од став (1) на овој член, се издава на образец „Барање за остварување на право на надоместок за помош и нега од друго лице“, кој е даден во Прилог бр. 1 и е составен дел на овој правилник.

(3) Образецот на барањето од став (1) на овој член, се печати на хартија во бела боја со А-4 формат.

**Член 3**

Кон барањето од член 2 став (1) од овој правилник, за барателот на правото се поднесува/обезбедува следната документација:

1. важечка лична карта за државјанин на Република Северна Македонија, дозвола за постојан престој на странецот, важечка лична карта за лице барател на право на азил, лице со статус на бегалец и лице под супсидијарна заштита, се доставува само на увид за докажување на идентитетот и државјанството;

2. мислење од матичен лекар за потребата од помош и нега од друго лице со Бартелов индекс;

3. отпусно писмо со специјалистички извештај и/или друга медицинска документација;

4. копија од трансакциска сметка;

5. наод, оцена и мислење за потребата од помош и нега од друго лице на стручната комисија.

**Член 4**

(1) Центарот барањето за прибавување на податоци за факти за кои службена евиденција води друг државен орган, односно друг субјект кој води регистар на податоци, по претходно дадената согласност од странката за користење на нејзините лични податоци во постапката за остварување на правото на надоместок за помош и нега од друго лице, го поднесува на образец – Барање за прибавување на податоци по службена должност, кој е даден во Прилог бр. 2 и е составен дел на овој правилник.

(2) Барањето од став (1) на овој член, се печати на хартија во бела боја со А4 формат.

(3) Институцијата која дава одговор по поднесеното барање, одговорот го доставува до центарот на образец – Одговор на барањето за прибавување на податоци по службена должност, кој е даден во Прилог бр. 3 и е составен дел на овој правилник.

(4) Одговорот од став (3) на овој член, се печати на хартија во бела боја со А4-формат.

## Новини во законската рамка

**Член 5**

(1) Писмената согласност за користење на личните податоци на барателот на правото на надоместок за помош и нега од друго лице се дава на образец – Изјава, кој е даден во Прилог бр. 4 и е составен дел на овој правилник.

(2) Писмената согласност од став (1) на овој член, се печати на хартија во бела боја со А4-формат.

**Член 6**

Мислењето дадено од страна на матичниот лекар за потребата од помош и нега од друго лице со Бартелов индекс, се издава на образец „Мислење од матичниот лекар за потребата од помош нега од друго лице“, кој е даден во Прилог бр. 5 и е составен дел на овој правилник.

**Член 7**

(1) Под трајни или привремени промени на здравствената состојба во смисла на овој правилник, се сметаат вродени или стекнати заболувања или повреди на органите или органските системи утврдени според Меѓународната статистичка класификација на болестите и сродните заболувања на Светската здравствена организација, при што во посебна листа се селектирани оние ентитети кои доведуваат до тешки оштетувања на физичките и менталните функции и намалување или губење на функционалната способност на лицето за самостојно извршување на секојдневните активности за задоволување на основните животни потреби – Листа на трајни и привремени промени на здравствената состојба.

(2) Листата на трајни и привремени промени на здравствената состојба од став (1) на овој член, е дадена во Прилог бр. 8, кој е составен дел на овој правилник.

**Член 8**

Наод, оцена и мислење за потребата од помош и нега од друго лице, се дава од страна на надлежната стручна комисија (во натамошниот текст: стручната комисија) на образец „Наод, оцена и мислење за потребата од помош и нега од друго лице“, кој е даден во Прилог бр. 6 и е составен дел на овој правилник.

**Член 9**

(1) Со работата на стручната комисија раководи претседателот на стручната комисија.

(2) Стручната комисија работи и одлучува во полн состав, а по исклучок во случај на оправдано отсуство на еден член, може да одлучува во состав од два члена.

**Член 10**

(1) Наодот, оцената и мислењето за потребата од помош и нега од друго лице се даваат врз основа на непосреден преглед на подносителот на барањето.

(2) По исклучок од став (1) на овој член, во случај кога од приложената медицинска документација несомнено може да се утврди потребата од помош и нега од друго лице, наодот, оцената и мислењето, се даваат врз основа на доставена медицинска документација без непосреден преглед.

**Член 11**

(1) Во постапката по поднесена жалба против првостепено решение за правото на надоместок за помош и нега од друго лице, наод, оцена и мислење за потребата од помош и нега од друго лице, се дава од страна на второстепената комисија за давање наод, оцена и мислење за потребата од помош и нега од друго лице (во натамошниот текст: второстепената комисија).

(2) Второстепената комисија е составена од три члена, од кои:

1. доктор специјалист, претседател;
2. доктор специјалист, член и
3. доктор специјалист, член.

(3) Со работата на второстепената комисија раководи претседателот на комисијата.

(4) Второстепената комисија работи и одлучува во полн состав на работни седници, а по исклучок во случај на оправдано отсуство на еден член, комисијата може да одлучува во состав од два члена.

(5) Второстепената комисија дава наод, оцена и мислење за потребата од помош и нега од друго лице врз основа на медицинската документација и списите во предметот.

**Член 12**

Наодот, оцената и мислењето од член 11 од овој правилник, се издава на образец кој е даден во Прилог бр. 7 и е составен дел на овој правилник.

**Член 13**

(1) Евиденцијата на издадените наоди, оцени и мислења на стручната комисија за утврдување на потребата од помош и нега од друго лице се води во книга и електронски и содржи: реден број, број и датум на предметот на центарот, име, презиме и матичен број на барателот, број на наодот, оцената и мислењето, оцена и мислење за потребата од помош и нега од друго лице, дијагноза на основната болест со назначување на шифрата, контролен преглед и забелешка.

(2) Евиденцијата која се однесува на лице со статус на бегалец и лице под супсидијарна заштита, не се разменува на каков било начин со нивната земја на потекло.

**Член 14**

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот за остварување на правото на надоместок за помош и нега од друго лице, образецот на барањето и потребната документација, образецот за дадено мислење од страна на матичниот лекар за потребата од помош и нега од друго лице, начинот на работа на стручната комисија, составот и начинот на работата на второстепената комисија, начинот на водење евиденција за издадените наоди и формата и содржината на образецот за давање на наод, оцена и мислење за потребата од помош и нега од друго лице („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 126/19 и 192/20).

**Член 15**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

# Активности на социјалните сервисни служби на РЦПЛИП – ПОРАКА

## Дневен центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Прилеп

Активностите во дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Прилеп во изминатиот период се реализираа редовно и согласно со предвидената програма. По сопствена иницијатива во дневниот центар, волонтерска практика реализираше студентка од Институтот за специјална едукација и рехабилитација при Филозофски факултет во Скопје, која активно се вклучи во секојдневните активности и работилници.

Во месец јануари на социјалните мрежи Фејсбук и Инстаграм беше промовиран едукативен календар, изработен преку размена на идеи со корисниците. Секој месец беше претставен на забавен и колоритен начин, со сликовни симболи кои ја истакнуваат креативноста и учеството на корисниците во неговата изработка. Под мотото „Запознај ме мене и откри ја мојата сила", во текот на месец февруари беа изработени и промовирани постери за секој корисник, со цел на интересен начин да ги претстават истите. Постерите се поставени и во просториите на дневниот центар, со намера да им помогнат на надворешните соработници полесно да се запознаат со корисниците и да воспостават подобра комуникација.

На 13-ти февруари корисниците во придружба на своите родители беа дел од настанот инклузивна матура организирана од Night to shine во Ресен. Со својата уникатност и позитивна енергија блеснаа на црвениот тепих и дополнително го разубавија настанот. Во истиот месец корисниците ја проследија и забавната програма приредена по повод патрониот празник на ООУ „Јонче Смугрески" од село Обршани. Заедно со учениците од училиштето тие имаа можност да ја изведат песната „Мојата Македонија" од Давид Темелков. На крајот од февруари, во соработка со Здружението „Преродба", се одржа работилница за изработка на мартинки. Корисниците имаа можност, со користење на соодветни материјали и прибор, да се запознаат со техниката на плетење мартинки. Празникот 8 Март, беше одбележан со изработка на честитки и коверти, преку кои корисниците ја изразија својата креативност и внимание. Во текот на целиот период непречено се одвива и соработката со наставничката Вера Попоска, која активно придонесува во реализацијата на дел од активностите.



## Дневен центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Радовиш

Активностите во дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Радовиш на почетокот на 2026 година беа насочени кон одбележување на Новогодишните и Божиќните празници. На 26-ти јануари во просториите на дневниот центар, а во соработка со рудникот Бучим, се организираше инклузивна работилница посветена на садење билки, грижа за растенија и еколошка едукација. Работилницата ја водеше г-ѓа Марија Георгиевска извршен директор на Центарот за хербализам, туризам и одржлив развој БИЛКИЛАЈФ. Работилницата беше поделена на три дела. Во првиот дел корисниците имаа можност да ги почувствуваат билките преку допир, мирис. Во вториот дел, секој поединечно можеше на креативен начин да изработи рамка од свежи или сушени билки по сопствената креација и сопствен избор на билки. Исто така, во мали саксии се посадија билки во хумусна земја со предизвик на секој корисник да се грижи за таа саксија. Во третиот дел имаа можност да ги вкусат различните производи од билките, како на пример, чаеви, природни сокови од јаболка и колачи. За успешно учество на оваа работилница корисниците добија благодарници. Голема благодарност на учениците од СОУ „Коста Сусинов" и волонтерите од Рудникот Бучим кои им помагаа на корисниците создавајќи атмосфера на вистинска интеракција, емпатија и доверба. На 30-ти јануари корисниците беа поканети од ФОТО студио Михаилов на фото сесија во новогодишен амбиент. Дружењето продолжи во новоотвореното кафуле на сок и убав муабет.

На почетокот на февруари, Евангелската црква од Велес со пасторот Филип Иванов за прв пат дојдоа во дневниот центар и донираа прехранбени производи, со ветување дека оваа соработка ќе продолжи и во иднина. Донацијата од прехранбени производи ќе им овозможи на корисниците да продолжат во усвојување на практичните можности во кујна. На 10-ти февруари корисниците на дневниот центар традиционално го прославија роденденот на г-н Николајчо Николов, поранешен заменик генерален директор на рудникот Бучим. Во одлична и пријатна атмосфера корисниците беа почестени со прекрасен ручек, торта и подароци што ќе ги искористат за свои



## Активности на социјалните сервисни служби на РЦПЛИП - ПОРАКА

потреби. Корисниците му возвратија со мал но, скромен и уникатен подарок. На 16-ти февруари во просториите на дневниот центар се одржа работилница за изработка на осмомартовски честитки со долгогодишните пријатели Краси и Роберт Саламанови. Се работеше декупаж техника за украсување на шишиња и украсна хартија со цветови за правење на осмомартовски честитки. На 26-ти февруари се одржа креативна работилница за изработка на мартинки со волонтерите од Клуб на млади при ОО на Црвен крст од Радовиш. Следниот ден, дел од корисниците на дневниот центар заедно со нивните родители реализираа продажба на мартинките ООУ „Никола Карев", ООУ „Крсте Петков Мисирков" и СОУ „Коста Сусинов" во Радовиш. Корисниците беа посебно радосни што се меѓу учениците од овие училишта и што ќе можат да го вреднуваат својот труд и да имаа средства за потребите на дневниот центар.

На 9-ти март раководниот тим на Рудникот Бучим ги изненади девојките од дневниот центар и мајките на корисниците со дарување на цвеќе, како знак на внимание по повод 8 Март, денот на жената.

### Дневни центри на РЦПЛИП – ПОРАКА во Скопје

Програмските активности во дневните центри на РЦПЛИП – ПОРАКА Скопје редовно се реализираа во изминатиот период. На почетокот од годината се реализираа неколку активности во духот на Новогодишните и Божиќните празници. Традиционално, на 14-ти јануари во просториите на дневниот центар во Аеродром се одбележа Православната нова година, Василица, со кршење лепче со паричка. На овој настан присуствуваа корисниците од двата дневни центри на РЦПЛИП- ПОРАКА во Скопје.

На 5-ти февруари во просториите на дневниот центар во Капиштец во соработка со дневниот центар за лица со церебрална парализа беше одржана работилница за подготовка на расад од раноградинарски култури. На 13-ти февруари, во дневниот центар во Капиштец, група ученици и професионалци од СГГУГС „Здравко Цветковски" реализираа тематска работилница по повод празниците Св. Трифун и Св. Валентин. Изработка на мартинки беше темата на работилницата одржана на 27-ми февруари во просториите на дневниот центар во Аеродром со ученици и професионалци од СУГС „Владо Тасевски".

Меѓународниот ден на жената беше тема на работилница одржана на 4-ти март во ООУ „Лазо Ангеловски" на која учествуваа група корисници од дневниот центар во Аеродром. Во овој дневен центар, исто така, на 6-ти март се одржа заедничка работилница со ученици од ООУ „Александар Македонски" на која се изработуваа плакати, честитки, цветови од восок и осмомартовски декорации во пресрет на денот на жената. На овој ден, со иста тематика, во дневниот центар во Капиштец се реализира работилница со ученици и стручни лица од ООУ „Јан Амос Коменски". За потребите на новиот мултимедијален перформанс насловен „Физика на радоста" на 24-ти и 26-ти февруари група корисници беа фотографирани во Домот на културата во Ѓорче Петров, заедно со актерите од театар „Пи" од страна на професионален фотограф.

Со првите сончеви денови на 12-ти март започна новата градинарска сезона на леите во Зелена Арка „Бостание". Група корисници и родители работеа на уредување на леите и подготовка за пролетна сеидба.

Најмалку еднаш неделно корисниците од двата дневни центри на РЦПЛИП - ПОРАКА во Скопје учествуваа во активности за рециклирање на пластична амбалажа на вендинг машините на „Пакомак".

### Дневен центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Штип

Дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Штип непречено ги реализираше програмските активности во изминатиот период. Почетокот на годината беше одбележан со неколку посети од страна на соработници на дневниот центар. На 2-ри јануари претставници од Евангелската црква во Штип го посетија дневниот центар и доделија пакети подготвени од деца и младинци од Германија. На 5-ти јануари Академијата Еуроарт традиционално го посети дневниот центар и на корисниците им подарија скромни Божиќни подароци. Средбата имаше и едукативен карактер, при што корисниците имаа можност да слушнат за македонската традиција и фолклор. Исто така, на 5-ти јануари компанијата М КЕШ подари производи потребни за подготовка на посна трпеза по повод Василица, традиционална активност на која корисниците заеднички го кршат подготвеното лепче со паричка. На 8-ми јануари во посета на дневниот центар беше писателката Цвета Спасикова. Таа ги претстави дел од своите книги, и на корисниците им читаше и умотворби. На крајот од посетата, таа подари дел од своите книги со што ја збогати библиотеката на дневниот центар. На 6-ти јануари корисниците на дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Штип учествуваа на Бадниковата поворка, која традиционално се организира во Штип. На Плоштадот Слобода, во центарот на градот, корисниците заедно со останатите учесници пееја и бадникови песни.





## Активности на социјалните сервисни служби на РЦПЛИП - ПОРАКА

На покана на НУ-УБ „Гоце Делчев“ – Штип, корисниците на дневниот центар учествуваа на музичкиот перформанс одржан по повод 154 години од раѓањето на Гоце Делчев, кој се одржа во просториите на библиотеката. На 24-ти февруари волонтерите од Клубот на млади при Црвен крст - Штип го посетија дневниот центар и заедно со корисниците реализираа креативна работилница за изработка на мартинки. На 27-ми февруари, во соработка со неколку сограѓанки од Штип, корисниците спроведоа креативна работилница по повод 8 Март.

На 2-ри март, по повод неделата на борба против срцеви заболувања „Здрав живот, здраво срце“, се реализираше активност во дневниот центар на РЦПЛИП – ПОРАКА во Штип организирана од волонтерите од Клубот на млади при Црвен крст – Штип. Во рамките на оваа активност, корисниците имаа можност да се информираат за ризик-факторите кои придонесуваат за појава на срцеви заболувања.

### Социјален клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Битола

Активностите во социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Битола на почетокот на годината акцент дадоа на одбележувањето на верските и традиционалните празници. Во пресрет на Бадник и Божиќ, во просториите на социјалниот клуб се одржа едукативна работилница со професорот по етика Драги Анастасовски, кој на корисниците им раскажуваше за традициите поврзани со овие празници. По повод празниците, исто така, во посета на социјалниот клуб беа претставници на УЖ ВМРО-ДПМНЕ, ветерани и млади од ВМРО – ДПМНЕ, кои на корисниците им донесоа и Божиќни подароци. Сите присутни споделуваа искуства од празниците, а корисниците ги претставуваа и активностите кои се реализираат во социјалниот клуб. Во средината на јануари се одбележа и празникот Василица, а корисниците вртеа мазник со паре и разговараа за традициите поврзани со овој празник. Кон крајот на јануари во посета на социјалниот клуб беа и претставници на играорната група Етно Илинден кои ги запознаа корисниците со традиционални македонски игри и ора. Во текот на јануари и февруари започнаа и изработките на слики на платно, кои корисниците на социјалниот клуб ќе ги наменат за поддржувачите и соработниците на оваа социјална сервисна служба.

Дел од работилниците беа наменети и за изработка на честитки и цветови од различни материјали по повод 8 Март. Во текот на февруари се реализираше интерактивна работилница за запознавање со дигитална апликација наменета за стекнување основни вештини за управување со финансии за лицата со попреченост. Оваа работилница ја водеше г-ѓа Маре Стоименова, дефектолог во ООУ „Коле Канински“ – Битола.

### Социјален клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Виница

Социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Виница продолжи со реализирање на програмските активности и во изминатиот период. Почетокот на годината го одбележаа активностите насочени кон Новогодишните и Божиќните празници, а се делеше и лепче со паричка. Исто така, се реализираа и неколку работилници поврзани со зимата како годишно време. Се разговараше за вируси и бактерии во зима, кои болести тие ги предизвикуваат и како со правилна исхрана и заштита може корисниците да се заштитат од нив. Се читаа кратки текстови за зима, и се изработуваа цртежи од различни материјали на тема зима. Корисниците го одбележаа и 21-ви јануари, меѓународниот ден на прегратката. Во текот на јануари се реализираа и неколку прошетки и активности на отворено.

По повод Св. Трифун се разговараше за грозјето како овошје полно со витамини, што сè може да се подготви од грозјето и како тоа да се подготви. Исто така се разговараше и за ферментацијата како процес што е клучен за подготовка на вино, ракија, јогурт, кисела зелка, а се реализираше и практична активност за подготовка на кисело млеко. По повод Св. Валентин се изработија најразлични цртежи на тема љубов. Во втората половина на февруари се реализираа креативни работилници за изработка на цвеќиња и украси од различни материјали по повод 8 Март. Кон крајот на февруари се реализираше и една работилница на која корисниците изработуваа мартинки. Во текот на целиот изминат период се реализираа и едукативни друштвени игри кои придонесуваат за посилни врски помеѓу корисниците.

### Социјален клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Гевгелија

Активностите на социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Гевгелија во новата година започнаа со присуство на Божиќен ручек во манастирот Св. Спас во Гевгелија, а на покана и организација од страна на Гевгелиско Архиерејско Намесништво. На ручекот беа поканети и присуствуваа членови на повеќе организации на лица со попреченост од општина Гевгелија. На сите присутни им беа поделени и скромни подароци по повод Новогодишните и Божиќните празници. На почетокот од месец јануари корисниците





## Активности на социјалните сервисни служби на РЦПЛИП - ПОРАКА



изработија и декорираа бадникови гранчиња од дабово дрво. Дел од членовите и нивните родители учествуваа на Бадниковата поворка на 6-ти јануари, најавувајќи го големиот христијански празник Христовото рождество Божиќ. По повод православната Нова година, во просториите на социјалниот клуб се организираше дружење и традиционално кршење лепче со паричка.

На неколку работилници во текот на февруари се изработуваа честитки и изработки од различни материјали, а по повод празниците Св. Валентин и 8 Март. Се користеа различни материјали како самолеплива хартија, картон, платно. На 26-ти февруари, по повод меѓународниот ден на лицата со ретки болести, 28-ми февруари, се реализираше работилница на која се разговараше на оваа тема.

Во текот на целиот изминат период се реализираа и активности за стекнување на практичните вештини, неопходни за самостојно функционирање на секој корисник. Исто така, во текот на целиот период, се реализираа и заеднички друштвени активности.

### Социјален клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Кавадарци

Во изминатиот период во социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Кавадарци се реализираа когнитивно – едукативни активности, практични активности, рекреативни активности и активности со семејствата на лицата со интелектуална попреченост. На покана од свештените лица во храмот Свети Димитрија, корисниците на социјалниот клуб присуствуваа на Божиќен ручек, а празникот Василица го одбележаа со кршење на погача со паричка. Во периодот од 20-ти јануари до 25-ти јануари дел од корисниците на социјалниот клуб учествуваа во зимскиот камп во одморалиштето „Михајлово“, активност која беше финансиски покриена од градоначалникот на општина Кавадарци, г-н Митко Јанчев.



Во текот на февруари беа организирани и посети на фудбалски натпревари на ГФК Тиквеш. Во текот на целиот изминат период, корисниците имаа можност да реализираат спортско-рекреативни активности во спортската сала на средното земјоделско шумарско училиште „Ѓорче Петров“ два пати неделно.

### Социјален клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Струмица

Социјалниот клуб на РЦПЛИП – ПОРАКА во Струмица редовно ги реализира и спроведува планираните програмски активности пропратени со низа креативни работилници. На 9-ти јануари, на покана на сопственикот на Етно ресторанот „Кај Виктор“, корисници на социјалниот клуб и нивни родители учествуваа на трибина на која се разговараше за потребите и проблемите со кои се соочуваат лицата со попреченост во областа од здравството. На 13-ти јануари, во просториите на социјалниот клуб, се организираше дружење на родителите и корисниците по повод празникот Василица, се кршеше лепче со паричка, а корисниците се забавуваа пеејќи и играјќи во весела атмосфера. На 18-ти јануари, корисниците присуствуваа на концерт организиран од Фондацијата „Елеуса“ од Струмица што се одржа во просториите на општина Босилово, а на кој корисниците имаа можност да слушаат Божиќни песни.

На почетокот на месец февруари, се одржаа неколку активности на кои се говореше за грижата за здравјето во зимскиот период. Исто така, со креативни работилници се одбележаа и празниците Св. Трифун и Св. Валентин. На работилниците се изработуваа различни изработки, како и маркери/обележувачи за книги на тема љубов. На 14-ти февруари, корисниците на социјалниот клуб заедно со волонтери од Клубот на млади при Црвениот Крст – Струмица во ГТЦ „Глобал“ делеа од рачно изработените обележувачи за книги и приврзоци на минувачите. На 17-ти февруари, на покана од Библиотеката „Благој Јанков - Мучето“ во Струмица, корисниците на социјалниот клуб присуствуваа на доделувањето награди по повод конкурсот „Виното, љубовта и смислата на животот“. Корисниците ја искористија оваа можност, и на присутните им подарија обележувачи за книги кои самите ги изработија. На крајот од февруари, корисниците изработуваа изработки по повод 8 Март, како и маски за карневалот што традиционално се организира во Струмица.



ПОРАКА

ISSN 0350-5863

# Наша Страница

## Спортско рекреативни активности на корисниците на дневните центри на РЦПЛИП - ПОРАКА во Скопје

**Корисниците на социјалните сервисни служби на РЦПЛИП – ПОРАКА имаат повеќекратни придобивки од учеството во спортско рекреативните активности. Покрај здравствените придобивки со овој вид на активности, лицата со интелектуална попреченост го развиваат чувството и духот за натпреварување; искусуваат како е да се биде дел од спортска екипа притоа чувствувајќи го единството во екипата; се мотивираат за натпреварување и победа, но истовремено искусуваат и соочување со пораз во спортските игри.**






**Дневните центри на РЦПЛИП – ПОРАКА во Скопје, изминатиов период, го користеа убавото време и практикуваа спортско рекреативни активности на блиските спортски игралишта во населбата Капиштец и во населбата Аеродром.**





Република Северна Македонија
Министерство за социјална политика, демографија и млади